ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 12.01.2015

# СООПШТЕНИЕ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) сака повторно да ја информира јавноста во врска со барање за донација за лекување во странство од страна на родителите на детето Н.Џ.

ФЗОМ ги има информирано родителите каква е постапката за лекување во странство, со кое целосно би се покрило лекувањето на малата Н.Џ. на товар на ФЗОМ.

Предуслов за да може целосно да се покрие потребната операција во странство, потребно е тимот на американските кардиохирурзи да извршат кардиолошка проценка на состојбата на детето, по што ќе одлучат дали може операцијата да се изврши во Македонија, или да се испрати во Лондон. Тимот на кардиохирурзи во Македонија, заедно со свооите македонски колеги веќе успешно имаат оперирано 5 деца во Македонија со вакви комплекси вродени срцеви мани, а во своите кариреи имаат над 100тина вакви операции.

Фондот повторно апелира до родителите да ја извршат потребната кардиолошка проценка во Македонија на Клиниката за детска хирургија, затоа што за Н.Џ. како осигуреник на Фондот, и следи операција која целосно ќе биде покриена од ФЗОМ, независно дали во Македонија или странство.

После овој апел, се надеваме дека родителите на Н.Џ. ќе се консултираат со светски признати експерт, за детска кардиохирургија, пред самостојно да одлучат каде ќе го носат своето дете на овој тип на интервенција.